ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2018 година бр.09-100/16 од 25.12.2017, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален урбанистички план за Нови градски гробишта, Блок 2, Општина Битола**

Јавната Презентација по Предлог Детален урбанистички план за Нови градски гробишта Блок 2, Општина Битола ќе се одржи на ден 03.10.2018 г. (среда) во 10.00 часот во салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Предлог Детален урбанистички план за Нови градски гробишта Блок 2, Општина Битола се однесува на опфат кој се наоѓа во зона за меморијални простори-гробишта, согласно ГУП на градот Битола, во локалитет „Нови градски гробишта". Границата на планскиот опфат на север се движи по граница на заштитен појас во должина од 140м, продожува во јужен правец по должина од 76м, продолжува по источен правец по должина од 36м се до пресечна точка со источната граница од постојни муслимански гробишта, на југ по граница на наменска зона согласно ГУП на град Битола, продолжува во северен правец до пресекот со почетната точка на опфатот.

Графичкиот прилог од Предлог Детален урбанистички план за Нови градски гробишта Блок 2, Општина Битола, ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 03.10.2018 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за Јавна презентација и Јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 4,12 ха.

**Јавната анкета по Предлог Детален урбанистички план за Нови градски гробишта Блок 2, Општина Битола, ќе трае 11 работни денови почнувајќи од 03.10.2018 год. заклучно со 18.10.2018год.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-751/3
26.09.2018 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**м-р. Наташа Петровска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

# ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за

НОВИ ГРАДСКИ ГРОБИШТА, БЛОК 2

ПРЕДЛОГ ПЛАН 2017-2022

ОПШТИНА БИТОЛА




**ЛЕГЕНДА**

| | |
|---|---|
| | Опфат за ажурирање 4.12ha |
| | Патеки и други линии |
| | Граница на КП - состојба од катас. план |
| | Објекти - состојба од катастарски план |
| | Новоизграден објект |
| | Шахти |
| | Електричен столб |
| | Телефонски столб |
| | Поништен (непостоечки) објект |
| Z | Знак за припадност |
| | Пумпа за вода |
| | Фонтана |
| | Тревник |
| | Мост |
| | Стопански објект |
| | Станбен објект |
| | Помошен објект |
| | Покриена тераса |
| | Трафостаница |
| | Откриена тераса |
| | Барака |
| | Новоизграден станбен објект |
| | Новоизграден помошен објект |
| 240.04 | Апсолутни надморски висини |
| 240 | Детални точки |
| 3684 | Број на катастарска парцела |
| | Столбови од ПТТ мрежа |
| | Гробишта |
| | Далековод |
| | Дрвена бандера |

| | |
|---|---|
| | Граница на плански опфат П=4.12ха |
| | Граница на блок |
| | Граница на градежна парцела |
| ГЛ | Градежна линија |
| РЛ | Регулациона линија |
| 2.1 | Број на градежна парцела |
| 587.70 | Висинска кота |
| | Тампон зона - високо зеленило |

Основна класа на намена

| | |
|---|---|
| | Д4-меморијални простори-муслимански гробишта |
| | Д2-заштитно зеленило |
| | атмосферска канализациона инфраструктура |
| | електроенергетска инфраструктура (ЕВН) |
| | електроенергетска инфраструктура (мепсо) |
| | заштитен појас на 110 и 150кв далекувод |
| | заштитен појас на 10кв вод |

Нумерички показатели

| градежна парцела | група на класа на намена | основна класа на намена | компатибилни класи на намена | површина на градежна парцела м2 | утврден простор за поставување на повеќе градби м2 | вкупно изградена површина м2 | max. висина на градба м' | катност | процент на изграденост % | коефициент на искористеност | паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Д | Д4 | / | 36303.57 | 31163.55 | 31163.55 | согласно АУП* | согласно АУП* | согласно АУП | согласно АУП | ** |

За градежната парцела да се изработи АУП согласно чл .51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18)

Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност во рамките на утврдениот простор за градење на повеќе градби каде се предвидува: задржување на постојните гробишта, простор за распоредување на парцели за нови гробни места како и изградба на објекти во функција на гробиштата согласно Законот за гробишта и погребални услуги (Сл.в.на РМ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/13 и 152/15), ќе се определат со изработка на АУП

*Максималната височина на градба и катноста , ќе се определат со изработка на АУП при што треба да се почитуваат параметрите дадени согласно ГУП на град Битола за Урбана четврт ,,Нови градски гробишта,, (измени и дополнувања)

**Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со АУП и согласно чл.59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр.142/15, 217/15,222/15,228/15,35/16,99/16,134/16 , 33/17 и 86/18)

Билансни показатели

| | Постојна состојба | Планско решение |
|---|---|---|
| Плански опфат | 4.12ха | 4.12ха |
| Градежно неизградено земјиште | 2.66ха | |
| Д4 - меморијални простори (гробишта) | 1.39ха | 3.34ха |
| Д2-заштитно зеленило | | 0.57ха |
| Сообраќајници | 0.07ха | 0.21ха |




СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА


**ГЕО БАЛКАН-Агенција за недвижности ДООЕЛ Битола** ул."Питу Гули" бр.47-б


| | |
|---|---|
| доносител: Општина Битола | |
| план: ДУП за НОВИ ГРАДСКИ ГРОБИШТА БЛОК 2 Битола | тех.број. 11-43/2016 |
| планер: д.и.а. Виолета Југовска овластување: 0.0502 | |
| соработник: д.и.а Кирил Стојановски д.с.и. Андон Петровски | |
| управител: м-р.г-и.Борче Стојановски | |
| прилог: Синтезен план | дата: септември,2018 |

| фаза: | размер: | прилог: |
|---|---|---|
| ПРЕДЛОГ ПЛАН | 1:1000 | бр.5 |